**Блаже Миневски**

# БАЛКАНСКИ ВАМПИР

Веќе ти нема спас! Одовде до јужниот ветар со мирис на печени пиперки заедно ќе патиме низ ова писмо. Ти - затоа што мора да го читаш без прескокнување; јас-затоа што мора да го пишувам без премолчување. Сега, значи штом го отвори, слушај да ти кажам, мора да го прочиташ докрај. И не само тоа туку мора и да го испратиш на дваесет адреси, зашто ако се прекине кругот на надежта, веднаш почнува кругот на несреќите. А тешко на оној што еднаш ќе влезе во тој круг!

Значи, слушај да ти кажам, конспиративно јас сум Гого Видовитиот, балкански вампир казнет или награден да гледа се´ и да знае се´, а за него да знаат само оние што го мразат. Се разбира, тие немаат никаква полза од тоа, оти исто им е како да го мразат ланскиот снег. Омразата има смисла само ако оној што го мразиш ти е блиску. А јас сум далеку. Ова да речеме писмо го пишувам од еден извесен град преполн балкански азиланати и Турци. И азилантите и Турците се странци како мене, та затоа заедно, и јас и тие, упорно се трудиме некако да преживееме до смртта. А сите, верувај, сакале или не, живееме за неа, за смртта. Сепак, Турците еднаш годишно одат во своите “топли краишта”, и таму бездруго се фалат дека овде им е многу убаво. Јас, слушај да ти кажам, нема кому ниту да се пофалам, ниту да се пожалам. Во мојот “топол крај”, во мојата безимена јужна земја ме чека само мојата казна и нивната одмазда. Ме чекаат во пусија, не мочаат, не јадат, не спијат. Верувај, братче мило, братче диво, моите, долу, живеат само за одмазда; не би бил јас Гого Видовитиот, ако не се гледам и таму каде што ме нема - меѓу непријателите.

Се разбира, треба веднаш да знаеш дека писмово, да речеме писмо, што го пишувам во оваа визба со извесни симболи на ѕидовите, ќе го испратам од некое баталено место во Европа, оти и во Европа има такви места, и ќе се надевам дека ништо лошо нема да им се случи дури и на оние што ме мразат, доколку го испратат на дваесет адреси по свој избор. Секако, ако воопшто стигне до нив, зашто јас, чекајќи го јужниот ветар со мирис на печени пиперки, секогаш ќе знам кога и каде ќе стигне! Сакам да знаеш дека за моето проклетство да гледам таму каде што око обично, човечко, не гледа, слушај да ти кажам, се разбра уште кога немав полни ниту четиринаесет години. Беше сончев ден во гробиштата, Неточка незванова, што би рекол Достоевски, кога сред лекција за Маркс и Енгелс јавно и гласно и´ предвидев на Ангелина Трифунова, мојата омилена наставничка, дека ќе умре точно на својот триесет и трети роденден. Одлично се сеќавам, братче мило, братче диво, дека оревите паѓаа и сами се лупеа по меѓите; блескаа во тревата едри, влажни и бели; блескаа оревите, братче мило, братче диво, како што блескаа врвчињата на боските на мојата наставничка кога ја најдоа спружена и разголена во училишниот двор, зад црквата; токму таму каде што по часовите ги читаше утопистите надевајќи се дека ќе живее сто и една година. Ете, оттогаш, братче мило, братче

диво, токму оттогаш сите ме гледаа некако со страв. И не само што ме гледаа туку кога ќе ме видеа, веднаш безглаво бегаа и се криеја, зашто нема човек што барем малку не се плаши од денот кога веќе не ќе може да го гледа сонцето, тревата и облаците; кога не ќе може да го слуша што удира во дрвјата, кикотот на децата, песната на птиците, шушкањето на снегулките, шепотот на младата месечина зад прозорецот, будењето на новиот ден... Секој се плаши од темниот миг кога се´ што е негово, одеднаш не е негово. И продолжува да постои без него. Ти, братче мило, братче диво, бездруго знаеш дека со смртта сите убавини што биле твои - засекогаш стануваат туѓи. Сите живееме само за да умреме. Единствена утеха за она што се нарекува живот, слушај да ти кажам, е тоа што обичните, скромни луѓе не го знаат однапред денот на својата смрт, иако безмилосно ги трошат своите подарени денови само за да стигнат до неа. А јас, братче мило, братче диво, токму тој ден, за жал, или за среќа, токму денот на смртта, велам, можам да го видам како цртан филм и, доколку сакам, однапред можам да им го кажам на сите. И јавно, и гласно. Ти се колнам дека за секој несреќник што ќе го видам, слушај да ти кажам, знам точно, сосема точно, во час и во минута, значи знам точно кога ќе умре, кога ќе го нема. Ете, затоа бегаа: се плашеа, братче мило, братче диво, да не ми текне да им го кажам јавно, без да ме прашаат, часот кога ќе мора да заминат преку река со сите свои избројани денови во пазувите, во зглобовите, во умовите... А нашето постоење, што би рекол мојот ортак Ико Мунгос, има смисла само затоа што постои заблудата наречена живеење. За жал, всушност, никој не го живее животот, туку ја доживува смртта. Животот, братче мило, братче диво, е само време низ кое шета смртта. Животот е корзо на смртта. Верувај. Сакам да кажам, јас, Гого Видовитиот, го гледав секој крај како да сум ангел што му го врти тевтерот на оној Горе; оној што римските шпиони го нарекуваат “единствен сведок на приказната за јаболкото и змијата”. Значи, слушај да ти кажам, јас гледам се´ и јас знам се´!

Ете поради таа моја дарба, или проклетство, сеедно: поради таа несреќа, братче мило, страшна несреќа, јас и моето семејство, братче диво, сосе кравата и песот, сосе трошките и вошките, сосе смртта, се разбира, моравме да се селиме, слушај да ти кажам, од Клиново во Глогово уште пред да пропее мојот Биљбил Соколи во моите куси панталонки. Ама, попусто, братче мило, и таму, значи во Глогово, како и во Бабино и во Желино, исто, братче диво, значи како и во Дедино, Дреново и во Мренога, исто како и во Бобово и Робово, слушај да ти кажам, сегде веднаш научија кој сум и што сум. Разбраа луѓето дека освен што ја гледам иднината, каква таква, исто така во секое време гледам се´, ама баш се´ што се случува околу мене, во близина и подалеку. Слушај да ти кажам, гледав, на пример, да ми простиш, како си го чешлаа згора-згора патецот меѓу нозе азган-момите; гледав како поповите ги причестуваат невестите во тајното сопче зад олтарот, крстејќи им го млекцето измолзено од боските во чинијка со босилок; гледав како новите баш-арамбаши, голтари што сакаат да станат капиталисти, ја крадат мануфактурната задруга за производство на дрвени толчници, и притоа, качени на пресечениот брест пред училиштето во Требник, колку што им сечи умот наглас врескаат “долу комунизмот, долу комунисти, долу братство и единство“. За жал,

народот и нив им верува. Мојот народ, кутриот наш народ; народот како луѓе со исти уши, што би рекол мојот Биљбиљ Соколи, знаејќи дека “наведната глава сабја не ја сечи “, бурно им верува на сите што ќе се качат на брестот за митинзи. Верувај, братче мило, братче диво, еден ден на истиот брест во Требник ќе застанам и јас; ќе застанам и ќе стојам, ќе стојам, ќе гледам и ќе молчам, и како што ќе молчам одеднаш ќе викнам: “Пролетери од сите земји - простете! Ве заебавме!“ И ќе го искорнам брестот од корен. Ако не за друго, тогаш барем да не се качуваат на него нови лажговци.

Значи, што ли не гледав, братче мило, братче диво! Божествена комедија, во живо. Катавечер, каде и да бев, ступкан во длапката на нашиот од селидби сосема свиткан железен кревет, гледав како браќата земјоделци, на трудот црн народ, што би рекол поетот Рацин, заедно со сите металски и текстилни работници, слушај да ти кажам, здушно, братски, значи ударнички, како цел свет куќа да им е, работи на сеопфатно омасовување на сиромаштијата како светски процес. Работи народот на јуриш, братче мило, братче диво, на норма; работи во иста соба со сите дробни деца, во скудна постела со дупла пружина и со пауни на предната и на задната страна од креветот. Се раѓаат колони насмеани голтари! Гледав се´ - и што треба и што не треба. Гледав, на пример, како градоначалникот на Бобово, ноќе, тајно го вади појасот, а килата му се истураат на креветот како пекмез од модра слива. Исто така, слушај да ти кажам, ја гледав, без да сакам, верувај, и неговата сопруга, коконата-макароната, истата онаа која дење на земја не гази, а сега, дома, бидејќи е ептен дустабанлија, како пингвин се тетерави ваму-таму низ куќата. Притоа да не кажувам дека тајно се “пали” на жолта краставица и на чад од темјан. И да не кажувам дека во задната соба има еден таен капак за лажен оџак, па оваа наша веќе опишана кокона, секоја среда, кога е пазарен ден, точно во осум часот, по средноевропско време, го вади капакот, го крева фустанот над колковите, се натртува така нежно-бело, така бласкаво, чиниш никогаш несончано, се залепува на северните тапети, а Филип Трте, наречен Оџачарот - кој случајно има шупа што лепи токму на тој ѕид однадвор - качен на старо буре, со катапултот воврен низ дупката, бучно ја освојува цела Азија, и пола Индија, тресејќи го притоа дури и лименото петле на оџакот. Трте - императорот! Се разбира, градоначалникот на Бобово, без својот појас за кила, не може да стане од креветот за да потпише безусловна капитулација. Всушност, слушај да ти кажам, тој, кутриот, воопшто и не знае дека војната ја има изгубено уште пред цели тринаесет години. Како и да е, братче мило, братче диво, по извесно време петлето на оџакот престанува да се тресе. А веднаш потоа, сестро златна, сестро ти - зашто и тебе те предвидов, за секој случај - се´ се претвора во историска прашина и библиска тишина.

Значи, еве сум на границата. Богатата Европа оттука е најблизу до мојата земја. Качен на оваа карпа, како сокол пленот со часови го чекам јужниот ветар. Штом ќе стигне, душата веднаш ќе ми замириса на Балкан. До преминот Домодосоле дојдов преку Лозана, со возот Париз, Гар де лион - Атина. Се симнав пред границата и пеш дојдов овде. Стојам на оваа карпа и душкам, шмркам, чекам да замириса. А штом ќе замириса, братче мило, братче диво, ете сум долу со перика и

стратегија. Се´ ќе ставам на свое место, верувај. Треба да се открие добрината. Кога човекот ќе открие што е добро, тој неминовно ќе постапува добро. И обратно. Ама треба водач како мене, и треба убава револуција! И уште поубава.

Веќе се смрачува. Селската пошта работи уште половина час.

Од ова место, и со овој мирис во душата, го испраќам сето ова што е напишано на дваесет адреси. Оттука веќе никој нема да знае каде сум, и нема да знае кога и како ќе се вратам во Требник. А еден ден, сигурно ќе се вратам